Врз основана член 36 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за ГС1 стандарди ГС1 Македонија, на Третата Вонредна седница на Собранието, одржана на 12.07.2011 година, се донесе следната

**О Д Л У К А**

за изменување и дополнување на Статутот на ГС1 Македонија

Член 1

Се донесува Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ГС1 Македонија, во следниве членови:

Во член 13 став 4, зборовите "редовно ја плаќаат членарината и" се бришат, а по зборот "системот" се додаваат зборовите "и редовно ги подмируваат обврските кон ГС1 Македонија".

Во член 14 алинеја 5 , зборот "и" се брише, а после зборот "членарина", се додаваат зборовите "и надоместоците за користење на ГС1 броеви".

Во член 16 став 2, после зборот "претседателот", се додаваат зборовите " а во негово отсуство заменик-претседателот".

Во член 18, после втората алинеја се додава нова алинеја и гласи : "надоместоци за користење на ГС1 броеви".

Член 22 став 5, се менува и гласи: "Субјектот што станал член на ГС1 Македонија потпишува Изјава за прифаќање на одредбите на Статутот на ГС1 Македонија, одлуките на органите на ГС1 Македонија кои се однесуваат на него и потпишува Договор за членување и користење на ГС1 системот. "

Во член 22 став 7, после зборот "членови", се става запирка и се додаваат зборовите "без ГС1 број". Ставот 2 од член 23 се брише.

Во член 24, во втората алинеја после зборот "членарината", се додаваат зборовите "и надоместокот за користење на ГС1 број".

Во член 26, после зборот "членарината", се додаваат зборовите "и надоместокот за користење на ГС1 број".

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена на web сајтот на ГС1 Македонија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Собранието на ГС1 Македонија,
Симон НАУМОСКИ

Бр. 222/2
12.07.2011
Скопје